СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

*(доверливо)*
**СО 46. седница**
**27.5.2020 година**
**Точка на дневен ред бр.3-1**

# МИСЛЕЊЕ

## на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола по Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2019 година

**Битола, 2020 година**

**М И С Л Е Њ Е**

**на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола**
**по Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2019 година**

Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2019 година дава комплетна слика за работењето на Банката во текот на 2019 година, со опфат на условите во коишто Банката ја вршеше својата деловна активност, финансиската состојба на Банката, остварениот финансиски резултат и пазарната позиција. Детално се прикажани достигнувањата по одделни сегменти од деловното работење, како и работењето на органите на Банката во рамки на Извештајот за корпоративно управување, кој е составен дел на овој извештај.

Податоците презентирани во Годишниот извештај ја потврдуваат определбата на Банката за стабилно и профитабилно работење и истовремено почитување на законската регулатива и регулативата на НБРСМ. Резултатот од работењето во 2019 година е позитивен, односно Банката оствари добивка пред оданочување во износ од 19,65 милиони денари. Стапката на поврат на капиталот и стапката на поврат на активата, како клучни показатели за профитабилност во работењето, изнесуваа 1,23 % и 0,13 %, соодветно. На страната на средствата, фокусот беше ставен на подинамично кредитирање на домаќинства и микроклиенти за сметка на кредитирањето на корпоративниот сектор, каде што интензивно се работеше и на наплатата, особено во првата половина од 2019 година. Депозитите и понатаму останаа главен извор на средства со учество од 83,21 % во вкупната пасива.

Во Годишниот извештај се вклучени информациите пропишани со Законот за трговските друштва и Одлуката на Народна банка за правилата за добро корпоративно управување во банка.

Наше мислење е дека Годишниот извештај реално и транспарентно го прикажува целокупното работење на Банката во 2019 година, остварувањата по деловни сегменти, промените во билансните позиции во однос на претходната година, со елаборирање на главните фактори што ги предизвикале промените, односно сметаме дека Годишниот извештај дава комплетна и објективна слика за работењето на Банката во текот на 2019 година.

НО бр. 02-8429/1/II.2-3-1
Битола, 22.4.2020 година

Стопанска банка а.д. Битола
Надзорен одбор

Претседател
м-р Миле Зечевиќ